***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 03.12.2024 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци во Домот на пензионери Демир Хисар со почеток во 11 $^{30}$ часот.

На седницата присутни беа 8 (осум) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Магдалена Вељановска, Јордан Кромидаровски, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Марина Димитријовска и Валентин Несторoски, а отсутни беа советниците Филип Ангелевски, Данила Давидевска и Јасмина Јовановска. На седницата присутни претставници од општината беа Марина Поповска и Александра Трајковска. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

***ДНЕВЕН РЕД***

1. Донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година.
2. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата констатира присуство од осум советници, а потоа ја образложи потребата за свикување на вонредна седница, заради измена на средства во некои ставки, за да можат истите да се реализираат до крајот на календарската година. Предложениот Дневен ред беше усвоен со 8 „за“.

***ТОЧКА 1. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година***

За Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Измена на распоредот на средствата се однесува за програмата за противпожарна заштита има планирано повеќе средства во ставките за плата и придонеси од плата, затоа во овие ставки се намалува, а тие средства се планираат во ставка други надоместоци за да може да се плати дел од трошоците по тужбите. Советникот Јордан Кромидаровски забележа зошто мора преку суд да се плаќаат трошоци за адвокати, да се најде решение. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Одлуката гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Предлози и парашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски имаше неколку предлози и забелешки
-за наредна седница да се планира точка Финансиската состојба на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар колку се побарувања колку се обврски целосна слика со состојба на конто 120 и 220
-да се стави точка на дневен ред и барањето за пожарот во с.Граиште
-имаше забелешка за чистење на снегот од с.Големо Илино
-забелешка од граѓани на ул. Битолска кај основното училиште Гоце Делчев се собира атмосферска вода прави штети на куќите кои се под улицата да се најде решение
-да се изготви сообраќаен проект за делот од улицата Маршал Тито да се прогласи за едносмерна.
Советничката Марина Димитријовска праша за Сопотница дали се планира, ако се планира кога ќе се постават решетки на отворениот канал по улицата.
Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 1186/3
26.12 .2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.